Врз основа на член 21, став (1), алинеја 3 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14 и 106/16), Советот на НИПП донесе

# РЕШЕНИЕ

за назначување претседател и членови на работната група за технолошки прашања (стандарди, метаподатоци, услуги и друго)

1. Се формира работна група за технолошки прашања (стандарди, метаподатоци, услуги и друго), во состав од:

- Данче Манева Палашев од Град Скопје, претседател;
- Љупчо Чадиноски од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, член;
- Часле Тошевски од Министерството за животна средина и просторно планирање, член;
- Мелита Јанчевска од Агенцијата за просторно планирање, член; и
- Игорче Карафиловски од Центарот за управување со кризи, член.

2. Се задолжува работната група да изготви:

- Предлог-подзаконски акт за спецификации и протоколи за размена на просторни податоци

3. Работната група предлог-подзаконскот акт од точка 2, да го изготви и достави на мислење до Советот на НИПП до 31 декември 2020 година.

4. За секретар на работната група, од точка 1 на ова решение, кој ќе ги врши работите сврзани со административно-техничката поддршка на групата, се назначува лицето Сузана Ивановска Киранџиска од Агенцијата за катастар на недвижности.

5. Покрај задачите од точка 2, работната група треба да ја поддржува имплементацијата на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- именуваните;
- Агенција за катастар на недвижности - Единица за административно-техничка поддршка на НИПП;
- архива.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Примено: 23 DEC 2019
0202-18007/1

Претседател на Советот на НИПП

д-р Кочо Анѓушев